ИСПИТНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ИСПИТИ

# ИСТОРИЈА

ДРЖАВНА МАТУРА

ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ
СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, март 2005

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ИСПИТИ

**ИСПИТНА ПРОГРАМА**

# ИСТОРИЈА

**ДРЖАВНА МАТУРА**
**ВО ГИМНАЗИСКО**
**И ВО СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Испитната програма по **историја** за државна матура во гимназиското и во средното стручно образование е донесена со решение на министерот за образование и наука бр. 11-6815/2 од 10.11.2005 година.

# 1. ВОВЕД

Согласно концепциските и содржинските промени во гимназиското и четиригодишното стручно образование направени се промени и во испитите на крајот на средното образование.

Воведувањето на централизирани испити на крајот на средното образование е во функција на контрола на квалитетот, а со тоа и на подобрување на наставата на средното образование. Имплементирањето на новите модели на испити во средното образование ја наметна и потребата од изготвување испитни програми.

Испитната програма за државната матура по историја за средното образование (гимназиско, четиригодишно стручно) е основен документ на кој се темели матурскиот испит по овој наставен предмет. Во овој документ јасно е дефинирано кои знаења, умеења и способности ќе се проверуваат на испитот.

Испитната програма првенствено е наменета за учениците и наставниците, изготвувачите на испитните материјали, организаторите на испитите, како и за други потенцијални корисници. Како официјален документ испитната програма претставува најважен елемент во обезбедувањето транспарентност на образовниот систем.

Испитната програма е изготвена според наставните програми по историја за гимназиското образование-општествено/хуманистичко подрачје (каде историјата е застапена како задолжителен предмет во I, II и III година со 2 часа неделен фонд и во IV година како изборен предмет, со уште 2 часа неделно). Затоа учениците од средното стручно образование (каде што историјата се изучува како задолжителен предмет во I и II година со 2 часа неделно) и учениците од гимназиското образование во останатите две подрачја: природо-математичкото и јазично-уметничкото (каде што историјата се изучува како задолжителен предмет во I, II и III година со 2 часа неделно) кои ќе изберат историја за матурски испит ќе треба да вложат дополнителни напори за усвојување на наставните содржини кои не ги учеле во текот на наставата.

Испитната програма ги содржи следните компоненти:

- Општа цел на испитот
- Содржина на испитот
- Спецификација на подрачјата и способностите
- Конкретизација на целите
- Спецификациска мрежа на испитот
- Опис на испитот
- Начин на оценување

## 2. ОПШТА ЦЕЛ НА ИСПИТОТ

Успешното полагање на државната матура, која го вклучува и предметот историја, според Концепцијата за матура и завршен испит во јавното средно образование ќе значи и директен влез на факултетите.

Со матурскиот испит по предметот историја се врши заокружување, односно се дава завршна оценка на знаењата и способностите што учениците треба да ги имаат на крајот од четиригодишниот образовен процес.

Општа цел на матурскиот испит по историја е да провери дали ученикот:

- знае и разбира определен број историски факти, поими, настани, појави, процеси и личности од стар век, среден век, нов век и најнов век;
- е способен да анализира, открива, и објаснува причинско-последични односи на историските појави и процеси;
- умее да споредува у одредени појави, процеси, личности, епохи и историски локалитети;
- е способен да толкува, аргументира и носи заклучоци за различни појави и процеси;
- умее да го разликува нормативното од реалното и декларативното од објективното во историските појави и процеси;
- е способен да проценува (вреднува) одредени историски толкувања, настани и процеси;

# 3. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

## 3.1. Спецификација на подрачјата (содржините) и способностите

*Програмски подрачја:*

- Стар век
- Среден век
- Нов век
- Најнов век

Овде се глобално дефинирани знаењата и способностите што треба да ги поседува ученикот.

За да го положи испитот ученикот треба да покаже дека:

- **(С1) ЗНАЕ И РАЗБИРА** определен број историски факти, поими, настани, појави, процеси и личности.
- **(С2) способен е да АНАЛИЗИРА И ОТКРИВА,** објаснува причинско-последичните односи на историските појави и процеси, да врши споредби помеѓу одредени појави, процеси, личности, епохи и историски локалитети, да толкува, аргументира и носи заклучоци за различни појави и процеси;
- **(С3) способен е да ВРШИ ПРОЦЕНКИ (ВРЕДНУВАЊЕ)** на одредени историски толкувања, настани и процеси, да го разликува нормативното од реалното и декларативното од објективното.

## 3.2. Конкретизација на целите (знаењата и способностите) по подрачја

| ПОДРАЧЈЕ 1: СТАР ВЕК | |
|---|---|
| *Содржина* | *Знаења и способности* |
| **- Стар Исток:**<br>Први цивилизации – Египетска држава; Феникија и Палестина; Културните достигања на народите на стариот Исток | *Ученикот треба:*<br>- преку различни техники на работа со историски текстови и илустративен материјал од периодот на стариот век да прави самостојна анализа на историски текстови и историски илустрации; да толкува историски документи и да ги вреднува различните интерпретации;<br>- да знае за почетоците на раните цивилизации, природните услови и да ги споредува основните карактеристики на општественото и државното уредување во првите држави; да го разбира значењето на историското време и историскиот простор како главни одредници на историските настани, појави и процеси и причинско-последичните врски во појавата, развојот и пропаѓањето на државите (цивилизациите) на стариот Исток; да ги вреднува културните и цивилизациски придобивки за човештвото од народите и државите на стариот Исток. |
| **- Балканот во стариот век**<br>Стара Хелада – Спарта и Атина; Културата на Хелада; Илири и Тракијци | - Да ги опишува природните услови и текот на создавањето на државите на Балканскиот Полуостров; да знае за критско-микенската култура и за Хомеровото време; да ги објаснува и да ги споредува карактеристиките на уредувањето на грчките полиси Спарта и Атина; да ја сфаќа суштината на атинската демократија и реформите на нејзините најважни претставници; да ги проценува значењето и вредностите на културните дострели на Хелада; да ја опишува територијата на илирските племиња, нивниот специфичен начин на живот и обичаи; да го објаснува процесот на создавање на Илирското царство и да знае за културата на Илирите; да го опишува процесот на создавање на Тракиското кралство; да знае за потпаѓањето на Илирите и Тракијците под римска власт. |
| **- Македонија во стариот век**<br>Старата Македонска држава до Филип II; Македонската држава во времето на Филип II; Македонската држава во времето на Александар III Македонски; Религијата и културата на античките Македонци; Хеленистички период | - Да ги објаснува специфичностите и карактеристиките во создавањето на старата Македонска држава; да го анализира подемот на Македонската држава во времето на Филип II и неговото завладување со хеленскиот свет; да го објаснува прераснувањето на Македонија во светска сила; да ја вреднува личноста на Александар III Македонски и неговото место во светската историја; да го објаснува хеленистичкиот период во историјата на стариот век; да знае за религијата и културата на античките Македонци. |

| | |
|---|---|
| **- Стариот Рим**<br>Создавање и ширење на Римската држава; Опаѓање на Римската држава и внатрешни судири; Појава и ширење на христијанството | - Да знае за создавањето на Римската држава и теориите за настанокот Рим; графички да го претставува државното и општественото уредување на Римската држава и нејзиниот развој (кралство, република, царство); да ги знае причините за пропаѓањето на Римското царство; да ги објаснува почетоците и ширењето на христијанското учење; да го анализира односот на државата кон христијанството и неговото прогласување за државна религија. |
| **- Македонија под римска власт**<br>Македонија под римска власт; Остатоци на римската култура во Македонија; Ширење на христијанството во Македонија | - Да ги објаснува причините и текот на македонско-римските војни; да ја опишува римската култура во Македонија; да знае за почетокот на ширењето на христијанство во Македонија, за формирањето на христијански општини и улогата на апостол Павле. |

| ПОДРАЧЈЕ 2: СРЕДЕН ВЕК | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| **- Светот и Европа во раниот среден век**<br>Големата преселба на народите; Државата на Франките; Арабјаните и појавата на исламот; Источно Римско Царство (Византија) | *Ученикот треба:*<br>- да ги знае причините, текот и последиците на големите преселби на народите; да го објаснува создавањето на државата на Франките, нејзиниот развој и распаѓање; да знае за територијата и населението на арапската држава; да го опишува создавањето на исламот, улогата на Мухамед; да ја објаснува културата на Арабјаните и нивното влијание врз европската наука и култура; да знае за развојот на Византија и нејзиниот однос со вараварските племиња; да ги објаснува судирите со Словените и Арабјаните; да го толкува процесот на распаѓањето на христијанската црква; да ги вреднува главните карактеристики на византиската култура. |
| **- Балканот во раниот среден век**<br>Словените и нивните доселувања на Балканот | - Да ја опишува територијата, начинот на живот, обичаите и правците на преселба на Словените; да ги анализира промените кои настанале на Балканот со продорот на словенските племиња. |
| **- Македонија во раниот среден век**<br>Доселување на Словените во Македонија; Појава и развој на словенската писменост и култура; Дејноста на св. Климент и св. Наум во Македонија; Создавање на Македонската држава – Самуилово царство; Издигнување на државата и претворање во царство; Организација на Самуиловата држава; Слабеење и пропаѓање на Самуиловата држава ;Охридската архиепископија; Востанија во Македонија во XI век | - Да го анализира процесот на населување на Словените во Македонија, процесот на симбиоза со староседелците и нивното потпаѓање под византиска власт; да ја вреднува појавата и значењето на словенската писменост и култура и делото на светите Кирил, Методиј, Климент и Наум; да го објаснува создавањето на Самуиловата држава, да го анализира нејзиното внатрешно уредување, подем и пропаѓање; да го анализира процесот на создавање и опстојување на Охридската архиепископија; знае за внатрецрковната организација на Охридската архиепископија; да ја вреднува улогата на црквата во средновековната историја на македонскиот народ; да ги анализира причините, текот и крајот на востанијата на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех. |
| **- Светот и Европа во развиениот и доцниот среден век до крајот на XVIII век**<br>Средновековни градови; Хуманизам и ренесанса; Големите географски откритија; Култура и наука | - Да ги споредува античките и средновековните градови (начинот на нивното создавање, изгледот преку текстови и илустрации); да ги анализира причините кои довеле до борба на градовите за самоуправа; да ги анализира карактеристиките на хуманизмот и ренесансата и знае за најзначајните претставници на таа епоха; да ги објаснува причините за големите географски откритија и условите кои ги овозможиле истите; да ги споредува поморските патишта по кои пловеле најголемите морепловци; да ги објаснува карактеристиките на културата во средниот век и значењето на појавата на научниците кои ги негирале религиозните толкувања на природата и светот. |

| | |
|---|---|
| - **Македонија во развиениот среден век**<br>Паѓање на Македонија под османска власт | - Да ги опишува условите и начинот на кој Македонија паднала под османска власт. |
| - **Балканот и Македонија под османска власт од XV век до XVIII век**<br>Организација на Османската држава и воспоставување на тимарско-спахискиот систем; Отпори против османската власт; Востание на Скендер-бег; Карпошово востание; Охридска архиепископија | - Да ги објаснува основните карактеристики на тимарско-спахискиот систем; да ги анализира економските, етничките и верските промени кои биле резултат на османските освојувања; да ги знае начините на колонизација и исламизација на балканските земји; да ги знае видовите на отпор против османската власт; да ги опишува причините за кревање на востанието на Скендер-бег; да анализира текстови од епската и друга литература посветени на тој период; да го објаснува текот, последиците и задушувањето на востанието на Скендер-бег; да ја објаснува Австро-османската војна и учеството на балканските народи во војната; да ги анализира причините, текот и последиците од Карпошовото востание; да го објаснува односот на османската власт кон Охридската архиепископија и причините за нејзиното укинување; да го вреднува местото на Охридската архиепископија за зачувување на христијанската религија и култура во Македонија и пошироко. |

| ПОДРАЧЈЕ 3: НОВ ВЕК | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| **- Светот и Европа од крајот на XVIII век до Првата светска војна**<br>Француската револуција и положбата во Европа во првата половина на XIX век; Создавање и издигнување на САД; Европа во втората половина на XIX век и почетокот на XX век; Русија до Првата светска војна | *Ученикот треба:*<br>- да ги анализира причините и последиците од Француската револуција; да ја толкува Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот; да го објаснува формирањето на САД, државното и политичкото уредување и прераснувањето на САД во светска сила; да ги анализира појавите и процесите во Европа во втората половина на XIX век и во почетокот на XX век; да ја објаснува Големата источна криза и улогата на големите сили; ги опишува состојбите во Русија и нејзината балканска политика до Првата светска војна. |
| **- Балканот од крајот на XVIII век до Првата светска војна**<br>Османската држава во XIX век и почетокот на XX век; Балканските војни; Албанија во XIX век до почетокот на првата светска војна | - Да ги препознава причините кои довеле до слабеење на Османската држава; да ги анализира влијанијата кои довеле до национално будење кај балканските народи во Османската држава; да ја опишува социјално-економската положба во Албанија, национално-ослободителното движење и процесот на формирање на државата Албанија. |
| **- Македонија од крајот на XVIII век до Првата светска војна**<br>Разловечко востание; Македонско (Кресненско) востание; Македонија во политиката на големите сили и балканските држави во втората половина на XIX век; Надворешни пропаганди во Македонија и борба за обнова на Охридската архиепископија; МРО 1893-1903; Истакнати дејци на МРО; МРО и односите со ВМК; Илинденско востание; Македонија во време на Хуриетот (1908-1912); Македонија во балканските војни | - Да ги објаснува причините, текот и последиците од Разловечкото и Кресненското востание; да ја анализира внатрешната и меѓународната положба на Македонија за време на Источната криза; да ги опишува напорите за организирање на црковно-училишна дејност и борбата за обновување на Охридската архиепископија; да ги анализира начините, целите и последиците од делувањето на странските пропаганди во Македонија; да знае за формирањето на МРО и нејзиниот развој до Илинденското востание; да го објаснува значењето на одделните истакнати дејци на МРО; да ги анализира односите на МРО со ВМК; да ги објаснува одлуките за кревањето на Илинденското востание; да знае за почетокот и текот на востанието, создавањето на Крушевската Република; да го анализира Крушевскиот манифест; да ги опишува последиците за македонскиот народ од Илинденското востание; да ги објаснува промените и ситуацијата во Македонија за време на Хуриетот и учеството на Македонците во политичкиот живот за време на власта на Младотурците; да ја анализира освојувачката политика на балканските држави кон Македонија, нивното сојузништво и непријателство во текот на двете балкански војни и последиците од овие војни за Македонија и македонскиот народ. |

| ПОДРАЧЈЕ 4: НАЈНОВ ВЕК | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| **- Светот, Европа и Балканот во Првата светска војна**<br>Европа во почетокот на XX век; Првата светска војна; Револуцијата во Русија и нејзиниот одраз во Европа; Балканските народи и држави во Првата светска војна; Париската мировна конференција | *Ученикот треба:*<br>- да толкува статистички и други графички показатели; да ги споредува и синтетизира појавите, процесите и личностите преку изработка на различни графички организатори; да споредува различни појави, бара врски помеѓу нив (сличности и разлики); да ги толкува минатите процеси во контекст на современите последици преку анализа на документи, карикатури и други историски извори, текстови и илустрации за светот, Европа, Балканот и Македонија во периодот од 1914 до 2000 година;<br>- да ја објаснува индустријализацијата, развојот на граѓанската демократија; да ги анализира основните карактеристики и посебни интереси на големите држави во почетокот на XX век; да ги одделува причините од поводот за Првата светска војна; да знае за целите на двете завојувани страни во војната, поважните моменти од војната и за нејзините последици; да ги опишува условите во Русија за време на Првата светска војна и избувнувањето на Октомвриската револуција; да го објаснува создавањето на СССР и влијанието на Октомвриската револуција во светот; да го објаснува влегувањето на балканските држави во Првата светска војна и положбата на нивното население за време на војната; да го пишува Македонскиот фронт; да ги објаснува последиците од војната за балканските земји и народи; да знае за најважните одлуки на Париската мировна конференција; да го вреднува карактерот на новата политичка карта на Европа. |
| **- Македонија во Првата светска војна**<br>Македонија и македонскиот народ во Првата светска војна | - Да го објаснува местото на Македонија во преговорите помеѓу Антантата и Централните сили; да ја опишува положбата на македонскиот народ под окупациите и учеството на Македонците во различните армии. |
| **- Светот и Европа меѓу двете светски војни**<br>Меѓународните односи меѓу двете светски војни; Појава на фашизмот и криза на граѓанската демократија | - Да ги анализира политичките односи во Европа и во светот по Првата светска војна и обидите за создавање систем на колективна безбедност во Европа; да ја објаснува големата економска криза и различните начини на излез од истата. |

| | |
|---|---|
| - **Балканските држави меѓу двете светски војни**<br>Балканските држави меѓу двете светски војни; Односите меѓу балканските држави меѓу двете светски војни | - Да го анализира односот на големите сили кон балканските народи и држави на Париската мировна конференција; да го објаснува политичкиот живот во балканските држави и положбата на малцинствата во балканските држави меѓу двете светки војни; |
| - **Македонија меѓу двете светски војни**<br>Македонија под власта на соседните држави; Македонското националноослободително движење меѓу двете светски војни; Афирмација на македонската национална свест, јазик и култура | - Да ја споредува положбата на македонскиот народ под власта на различните балкански режими; да ја анализира денационализаторската и асимилаторска политика; да ги објаснува етничките промени; да знае за организациите и различните струи во македонското националноослободително движење меѓу двете светки војни; да ги објаснува напорите на македонските организации, друштва и поединци во афирмирањето на македонската национална свест, јазик и култура. |
| - **Светот во Втората светска војна**<br>Втората светска војна 1939-1941; Втората светска војна 1941-1943; Втората светска војна 1943-1945 | - Да ги објаснува причините за Втората светска војна, поводот за нејзиното започнување, нејзиниот тек и најважните пресвртни битки од 1939 до 1945 година; да ја опишува капитулацијата на земјите на Тројниот сојуз; да ги објаснува последиците од Втората светска војна. |
| - **Македонија во Втората светска војна**<br>Фашистичката окупација и поделба на Македонија; НОБ и антифашистичката борба на македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија 1941-1944; Конституирање на македонската држава; Народноослободителното движење и НОВ во пиринскиот и егејскиот дел на Македонија во Втората светска војна | - Да ја опишува окупацијата и поделбата на Македонија; да ги анализира подготовките за вооружена антифашистичка борба и текот на НОБ во вардарскиот дел на Македонија; да го проследува развојот на воената сила и организирањето на народна власт сé до конституирањето на современата македонска држва на Првото заседание на АСНОМ; да го објаснува народноослободителното движење во пиринскиот и егејскиот дел на Македонија и соработката со ослободителното движење во вардарскиот дел на Македонија |
| - **Светот по Втората светска војна**<br>Холокаустот; Политиката во креирањето на повоениот свет; Меѓународните општествено- | - Да го објаснува холокаустот; да знае за најважните одлуки на Посдамската конференција; да ги анализира одлуките на Париската мировна конференција и нивните последици за повоениот свет; да го објаснува формирањето на ООН и нејзините механизми за зачувување на светскиот мир; да ги анализира причините за појавата на студената војна и формирањето на блоковите |

| | |
|---|---|
| економски и политички односи во светот по Втората светска војна; Меѓународните воено-политички кризи и формирање на нови држави во светот; Советизација на источноевропските земји; Нови тенденции и промени во светот; Деколонизација и неоколонијализам во светот по Втората светска војна | (НАТО и Варшавскиот договор); да го анализира спроведувањето на Маршаловиот план и Трумановата доктрина; да ја објаснува советизацијата на источноевропските земји и појавата на Информбирото; да ја анализира појавата на кризи во социјалистичките држави и нивното преминување кон повеќепартиска парламентарна демократија; да го објаснува процесот на деколонизација и функционирањето на неоколонијализмот; да знае за европските интеграции и најважните европски асоцијации. |
| - **Балканските држави по Втората светска војна** Рефлексиите на светската политика на балканските држави; Општествено-економски и политички промени во балканските земји; Функционирањето на југословенскта федерација и причините за нејзиното распаѓање; Развој и криза на социјализмот во балканските земји | - Да ги објаснува политичко-економските промени во балканските држави во повоениот период; да ги споредува сличностите и разликите помеѓу уредувањата на балканските држави; да ја опишува Граѓанската војна во Грција, нејзините последици и политичкиот развој на Грција до крајот на XX век; да го објаснува развојот на Албанија, Бугарија и Југославија, навлегувањето во криза на нивните политичко-економски системи и почетоците на транзицијата. |
| - **Македонија по Втората светска војна** Општествено-политички и економски развој на Македонија 1946-1991; Создавање самостојна и независна Македонија; Македонската православна црква и другите верски заедници во Македонија; Образование, наука и култура; Положбата на Македонците во соседните држави; Миграциони движења во Република Македонија | - Да ја анализира положбата на Македонија во рамките на југословенската федерација; да ги опишува процесите, појавите и промените во политичката и економската сфера во РМ од 1945 до 1991 година; да го објаснува процесот на осамостојување на РМ и нејзиниот развој до 2000 година; да ја објаснува улогата на МПЦ, ИВЗ и другите верски заедници во РМ; да знае за главните достигања на планот на развојот на образованието, науката и културата; да ја анализира положбата на Македонците во соседните држави и врши споредба со положбата на етничките заедници во РМ; да ги објаснува причините за миграциите на населението од Македонија; да ја објаснува миграцијата село-град и иселувањето на граѓаните од Македонија во странство. |

## 4. СПЕЦИФИКАЦИСКА МРЕЖА НА ИСПИТОТ

Спецификациската мрежа го определува соодносот на подрачјата (содржините) и на способностите (глобалните цели на испитот) изразен во проценти.

| **Способности** | **Подрачја** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **$П_1$** | **$П_2$** | **$П_3$** | **$П_4$** | **ЗАСТАПЕНОСТ (%)** |
| **$С_1$** | | | | | 45–55 |
| **$С_2$** | | | | | 25–35 |
| **$С_3$** | | | | | 15–25 |
| **ЗАСТАПЕНОСТ (%)** | 15–25 | 25–35 | 15–25 | 25–35 | 100 |

**$С_1$** - знаење и разбирање
**$С_2$** - анализирање и откривање
**$С_3$** - проценување (вреднување)

**$П_1$** - Стар век
**$П_2$** - Среден век
**$П_3$** - Нов век
**$П_4$** - Најнов век

## 5. ОПИС НА ИСПИТОТ

Испитот по предметот историја е писмен. Тој се состои во решавање на тест на знаења што ќе биде подготвен на државно ниво и ќе се спроведува на екстерен начин.

Времетраењето на испитот по историја е 90 минути.

Тестот ќе содржи околу 50 испитни задачи од кои најголем дел ќе бидат со повеќечлен избор, друг дел задачи со кратки одговори и еден дел задачи во кои ќе се бара учениците да дадат пошироки образложени одговори.

| **Тип на испитната задача** | **Опис на барањата на задачата** |
|---|---|
| *1. Испитни задачи со повеќекратен избор* | 25 - 30 задачи.<br>Ученикот треба да го распознае точниот одговор и да го заокружи |
| *2. Испитни задачи со дополнување* | 20 - 25 задачи.<br>Во празниот простор на задачата ученикот треба да го напише бараниот (испуштениот) податок; |
| *3. Испитни задачи од отворен тип* | 3 - 5 задачи.<br>Задачите можат да бидат:<br>- задачи со директно прашање и одговор<br>- задачи за анализа и вреднување на историски илустрации и текстови (учениците добиваат задача од зададен текст, илустрација и сл. да извлечат сознанија за одредена историска појава, настан или личност, според поставените барања). |

## 6. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Вкупниот број на бодови што можат да се освојат на испитот е од 80 до 100.

Точниот одговор на задачите со повеќе член избор (во кои се бара ученикот да избере еден од одговорите што се понудени), се оценува со еден бод. Со точно решавање на ваквите задачи ученикот може да освои до 30 бодови.

Точниот одговор на задачите со кратки одговори (со еден или неколку зборови), исто така се вреднува со еден бод. Со точното решавање на ваквите задачи ученикот може да освои од 20 до 25 бодови.

Задачите на кои се бара учениците да дадат пошироки, образложени одговори (да решат одредена проблемска ситуација), се оценуваат така што одделно се оценува секоја фаза од одговарањето на бараната задача. Со точното решавање на ваквите задачи ученикот може да освои од 30 до 50 бодови.

Оценувањето се врши екстерно и централизирано (на едно место) од страна на независни оценувачи, врз основа на однапред изготвено упатство и усогласени критериуми.

Минималниот број бодови за да се положи испитот по историја, како и распонот на бодовите за секоја од позитивните оценки (доволен - 2, добар - 3, многу добар - 4 и одличен - 5) го утврдува Државниот матурски одбор, за секоја испитна сесија посебно, на предлог на Државната матурска предметна комисија по историја, по спроведувањето на испитот.